# ПЕКОЛОТ И РАЈОТ ВО МАКЕДОНСКАТА И АЛБАНСКАТА НАРОДНА КУЛТУРА

**Раководител - главен истражувач:** д-р Танас Вражиновски до април 2006 год.
**Соработници:** д-р Соња Ризоска-Јовановска, д-р Владимир Караџоски
Од мај 2006 год. до крајот на проектот Раководител - главен истражувач д-р Владимир Караџоски
**Надворешен соработник:** проф. д-р Хамид Џафери
**Траење на проектот:** 2004-2006 година

Основната цел на проектот Пеколот и рајот во македонската и албанската народна култура беше преку теренски и теоретски истражувања да се дојде до веродостојни и автентични материјали сврзани со народните погледи и народните верувања кај Македонците и Албанците за пеколот и рајот, тоа значи на припадници на две различни религии, за нивните разлики и сличности, за народна филозофија, за времениот живот на човекот на земјата, односно за смислата на животот, кој според народните верувања, е во достигнувањето на бесмртноста. Според тоа, анализата на проектот е насочена да се претстави, не само народниот светоглед во однос на човековиот живот туку и влијанието на религискиот систем врз целокупното верување, мислење и однесување на луѓето на нашето културно милје. Бесмртноста осигурува безгрешен, чесен и благороден живот на земјата, кој води кон рајот, а во спротивност грешноста и нечесноста водат кон пеколот.